# Насмевката на Дани







Ова е Дани.
Дани има девет години и секогаш има насмевка
на лицето.



Лина е мајката на Дани. Тие живеат заедно во мал стан во приградска населба во еден голем, бучен и загаден град, полн со смог. Затоа Дани и Лина своето слободно време го поминуваат на село или во паркот.

Лина работи во две смени на едно градилиште во градот. Таа секој ден управува со големиот кран и пренесува товари на високите катови на облакодерите.

На деветтиот роденден на Дани, Дани и Лина отидоа заедно на градилиштето. Дани со возбуда го очекуваше тој ден, бидејќи за првпат можеше да види каде работи Лина. Влегоа во големиот кран и се искачија високо. Дани со восхит ја гледаше мајка си како управува со големата дигалка и како подигнува тешки товари. Од врвот на кранот можеа да го видат целиот град, околните згради и големите споменици... А во далечината – и еден бегалски камп. Во еден миг, Дани рече: „Мамо, и јас сакам да кампувам во шатори како оние луѓе!“
„Мило, тие луѓе не кампуваат затоа што се на одмор, тие се бегалци што морале да ја напуштат земјата во која живееле“, одговори Лина. „Тие го изгубиле својот дом во војна, можеби биле прогонувани или бил убиен некој член од нивното семејство. Некои немале ни дом, а ни доволно храна за да се прехранат и затоа дошле во нашата земја.“ Дани се вознемири, па затоа цела вечер зборуваа за бегалците во кампот.



Секое лето, Дани одеше кај двете баби, Ајша и Весна, каде што останувaше по два месеца. Селото во кое живееја тие се наоѓаше во подножјето на планината. Таму Дани учеше многу нови работи за природата, за цвеќињата и за животните. Ајша и Весна многу се радуваа затоа што Дани ги минуваше летата заедно со нив. Понекогаш беа малку строги и подвикнуваа: „Дани, немој да се оддалечуваш од куќата!“ Баба Ајша беше писателка и читаа книги заедно со Дани. Кога беа во нејзината библиотека, Дани учеше нови зборови, а кога беа во кујната, редовно ѝ помагаше во готвењето.
Баба Весна беше шивачка во пензија. Таа истотака, секој ден работеше во градината. Сите заедно садеа зачини и ретки видови овошје и зеленчук.



Дани најмногу ги сакаше доматите: црвени, модри, зелени, жолти...
Еднаш, додека сите работеа во дворот, Дани извика: „Бабо, во компостерот* нешто шушна! Можеби некое животно јаде од фрленото овошје.“

*компостер – простор за фрлање суви лисја, трева и растителни отпадоци, кои стануваат ѓубриво за почвата со цел растенијата да растат побрзо.



Освен градината, баба Весна имаше и расадник за млади дрвца. Штом ќе дојдеше Дани, понекогаш заедно одеа во блиската шума и на соголените падини засадуваа ендемски* дрвца од расадникот. Дрвцата брзо растеа и веќе следната година Дани и двете баби седеа под нивните сенки и си јадеа шумско овошје. Сите заедно уживаа во природата, во чистиот воздух и во пеењето на птиците на гранките од дрвјата. Еднаш, додека поминуваше покрај последното дрвце што го засадија, Дани му рече: „Сакаш другарче? Сега ќе засадам дрвце до тебе!“

*ендемски вид – редок вид растение или животно распространето само во определена област.



Дани многу сакаше да се качува и да седи на гранките од црешата во блиската ливада. Еднаш, меѓу грмушките нешто зашушка и тогаш Дани за првпат виде едно мало еже! Се движеше накај градината. Дани слезе од црешата, му се приближи и го набљудуваше. „Сигурно ежето го грицкало овошјето во компостерот!“ си рече.

Наеднаш, малиот исплашен еж почна да бега и така бегајќи, ја боцна дланката на Дани! Дани се исплаши и брзо избега дома. „Дани, животните се исти како луѓето“, рече баба Ајша, а баба Весна ја надополни: „Да, тие ги повредуваат другите само кога се исплашени“. Штом го слушна ова, Дани веднаш се смири. За да му се извини на ежето поради тоа што го исплаши, следниот пат кога одеше на прошетка Дани му остави четири цреши и еден морков од градината.



„Дани, внимавај, ќе настинеш!“ подвикна баба Весна.

Во топлите денови, Дани со боси нозе шлапкаше во баричките кај блискиот поток. Понекогаш, со затворени очи лежеше на тревата, го слушаше жуборењето на потокот и си размислуваше за сè наоколу: за мама Лина, за баба Ајша и баба Весна, за децата од училиштето...



Но, штом ќе се потсетеше на минатата година, насмевката на Дани се губеше и тогаш чувствуваше тага и осаменост.

Дани минатото лето си ја скрати косата и почна да се облекува малку поразлично. Оттогаш децата од селото се подбиваа со Дани. Но, истото се случуваше и во градот: децата не сакаа да се дружат, а понекогаш беа дури и груби. По средбите со нив, насмевката на Дани исчезнуваше... Дани се чуствуваше како да лебди, а потоа како да потонува во бездна. Пред сите се трудеше да ги скрие тажните чувства... Понекогаш се обидуваше да се сети на зборовите на баба Весна: „Децата што сакаат да навредуваат не се лоши, само се исплашени. Исто како и малечкото еже во шумата!“ Освен тоа, и сите блиски на Дани беа полни со поддршка и се трудеа Дани никогаш да не чувствува осаменост или срам.



Во топлите вечери, двете баби седеа на клупа во дворот и гледаа во ноќното небо. Дани, пак, си играше со платнените играчки кои ги сошила баба Весна. Си играше куклен театар и измислуваше приказни за небесните тела: „Аууууу, зави волкот, а потоа скокна високо и ја голтна кометата, која поминуваше низ ѕвездениот пат! Кометата долго стоеше во стомакот на волкот и така се претвори во грутка. Грутката го стегаше и притискаше со години волкот и тој беше многу лут. Еднаш во лутина се раскашла громогласно и ја исплука грутката. Таа се претвори во сонце, се качи високо на небото и оттогаш нè топли сите секој ден“.

„Браво Дани!“ ракоплескаа бабите, „раскажи ни нова приказна!“

Дани многу сакаше да чита книги за природата. Доцна навечер, кога не можеше да заспие, со рачната ламба ги осветлуваше книгите од библиотеката на баба Ајша и скришно ја земаше својата омилена книга „Чудесниот живот на Земјата“. Во оваа книга имаше и фотографии на ретки животни, птици и инсекти..





Една ноќ, Дани сонуваше чуден сон... Сонуваше како лежи на покривот и ја гледа месечината како ги менува боите на небото: од црвена станува сина, па виолетова, па портокалова... Потоа, сонуваше како одненадеж се појавува и втора месечина, а потоа и трета, поголема, па четврта, уште поголема, па петта...

„Една, две, три, четири, пет месечини“, си броеше Дани во сонот, а сите тие месечини во еден глас повикуваа: „Дани, играј си со нас!“ Дани тогаш полета накај месечините и сите танцуваа заедно со ѕвездите. Следното утро, Дани ѝ го раскажа сонот на баба Ајша и заедно го запишаа во тетратка.

На крајот на летото, Дани се врати во градот и додека поминуваше низ плоштадот, некои деца почнаа да дофрлаат навреди, па Дани веднаш се натажи. Но, вревата ја слушна едно девојче и брзо се приближи до Дани:
„Добро си?“ рече таа. „Добро сум, фала“, одговори Дани.
Така, Акила и Дани се запознаа и брзо се спријателија. Зборуваа често и за сè.

Еден ден, Акила раскажуваше за највкусното колаче басбоса што го јадела дома и за храмот на Хатшепсут што го посетила минатото лето. Дани, пак, ѝ раскажуваше на Акила за највкусната раванија што ја прави баба Ајша. Потоа Акила праша: „Имате ли вие крокодили во реките?“
„Не, имаме само риби“, одговори Дани и тие се насмеаја.
„Акила, а колку се големи нилските коњи?“, праша потоа Дани.
Акила тажно се насмевна и рече дека, за жал, во Египет веќе одамна нема нилски коњи. Сите се истребени од премногу лов, и тоа уште пред еден век.
Така, Дани и Акила научија нешто ново и сфатија колку многу е важна грижата за животните и за природата.



Додека се дружеше со Акила, Дани дозна дека нејзините родители, Аја и Тарик, биле новинари во Египет. Долго им се заканувале, а еднаш дури и ги нападнале. Затоа, тие биле принудени да избегаат, како и многумина други од нивната земја.



Дани сè ѝ раскажа на мајка си и тие заедно ги поканија Акила и нејзиното семејство на гости кај нив. Таму, пак, двете семејства зготвија заеднички ручек со различни јадења од двете земји. Додека сите седеа околу масата, Дани рече: „Акила, еве ја раванијата за која ти кажував. Повели!“
Акила проба едно парче и со полна уста извика: „Еј, ова е како басбоса! Пробај и ти.“

Дани проба од басбосата: „Колку чудно! Толку е далеку Египет, а имаме исто благо!“ Тарик, татко ѝ на Акила, се насмевна: „Многу е убаво кога ги споделуваме нештата!“ „Да! И приказните!“ се согласи Акила и додаде: „Дани, ќе ми ја раскажеш ли приказната за ежето во шумата?“
Двете семејства се спријателија, а Дани и Акила станаа неразделни другарчиња: заедно си играа, учеа и си помагаа. А кога некое од другите деца ќе се обидеше да ги исмева или да ги задева, Дани и Акила со насмевка помислуваа на малечкото исплашено еже од шумата.





CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-93-34(084.11)

ЗАФИРОВСКА, Зорица
Насмевката на Дани: сликовница за пријателството и различностите/
Зорица Зафировска; [илустрација Христина Зафировска]. — Скопје :
З. Зафировска, 2021. - [30] стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-66362-1-0

COBISS.MK-ID 53183237

# „Насмевката на Дани“

Сликовница за пријателството и различностите

Авторство: Зорица Зафировска;
Уредници: Софиа Григориаду, Живко Грозданоски;
Консултант_ка: Биљана Гинова;
Лекторка: Весна Костовска;
Илустрации и дизајн: Христина Зафировска;
Дизајн корекции: Андреј Лавчански;
Постер графики: Партизан Принт;
Печат: КАД Принт Центар — Скопје;
Голема благодарност до Лени Фрчкоска, Весна Костовска, Билјана Димитрова, Милош Стојановиќ, Љубомир Фаизов, Јана Коцевска и Славчо Димитров.

Издавањето на сликовницата „Насмевката на Дани“ е поддржано од проектот „ЛГБТИ Инклузија 2.0“, кој е финансиски поддржан од „ИЛГА-Европа“, а имплементиран од страна на „ЛГБТИ Центар за поддршка“, во партнерство со „Коалиција Маргини“. Мислењата и ставовите изнесени во книгата не мора задолжително да ги изразуваат официјалните ставови на донаторот.

